**СТОПАНСКА БАНКА АД–СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за начинот на пресметување и исплата на дивидендата на приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година

Скопје, мај 2025 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 470/31.05.2024, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 30.05.2025 година донесе

**О Д Л У К А**

за начинот на пресметување и исплата на дивидендата на приоритетните акции на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година

1. Стопанска банка АД – Скопје (СБ) ќе изврши исплата на дивиденда на приоритетните акции за 2024 година во вкупен износ од денари 1.364.664,00 или бруто износ од денари 6,00 по акција.

2. Основицата за пресметка на дивидендата изнесува денари 90.977.600,00 (227.444 приоритетни акции по номинална вредност од денари 400,00 по акција).

3. Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда, односно датум на пресек на Акционерската книга, е 16.06.2025 година.

4. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 12.06.2025 година.

5. Прв ден на тргување без право на дивиденда е 13.06.2025 година.

6. Дивидендата ќе се исплати во вид на еднократно плаќање најдоцна во рок од 30 дена од датумот на кој Собранието на акционери на СБ ќе ја усвои Одлуката за распределба на добивката согласно Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година.

7. Рок за известување на акционерите кои имаат право на дивиденда за 2024 година е најдоцна 5 дена од одржаната седница на Собранието на акционери. СБ ќе го објави известувањето во најмалку еден дневен весник и на веб страницата на СБ.

8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр. _______
30.05.2025
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на Одлуката за издавање на акции во втора емисија С.О. бр. 32/20.06.1991, Одлуката за издавање на акции во четврта емисија С.О. бр. 102/30.05.1996 година и Статутот на СБ, а во согласност со одредбите на член 487 од Законот за трговските друштва (ЗТД), Стопанска банка АД – Скопје ќе изврши исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2024 година.

Со оваа Одлука се утврдува начинот на пресметка, основицата за пресметка и начинот на исплата на дивидендата на имателите на приоритетни акции.

Согласно понапред цитираните Одлуки за издавање на акции, дивидендата на приоритетни акции се утврдува во висина на каматата на средствата (штедните влогови) на население орочени на 1 (една) година, зголемена за соодветниот процентен поен кој се утврдува со Одлуката за каматни стапки на СБ донесена од Комисијата за управување со активата и пасивата на СБ. Од март 2006 година, наведениот процентен поен кој се додава на дефинираната каматна стапка се утврдува на 1 процентен поен. Истиот начин на пресметка на дивидендата беше применет и во текот на 2024 година.

Основица за пресметката на дивидендата е износот од денари 90.977.600,00, односно 227.444 приоритетни акции со номинална вредност од денари 400,00 по акција.

Вкупниот износ на дивидендата за приоритетните акции за 2024 година е денари 1.364.664,00 или бруто износ од денари 6,00 по акција. Дивидендата која се исплаќа на домашни и странски физички лица е предмет на данок на личен доход, додека дивидендата на странски правни лица подлежи на данок на задршка во согласност со Законот за данокот на личен доход и Законот за данокот на добивка.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, се предлага Собранието на акционери на СБ да ја донесе оваа Одлука.

Скопје, мај, 2025 година